# П Л А Н
## ЗА 2015 ГОДИНА

( ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ )
**На ЈКП " ВОДОВОД " – Битола**

**Битола, декември** 2014

# ВОВЕД

ЈКП Водовод својата програма ја заснива врз следните параметри:

- Аналитички приод на остварените резултати од претходните години, како и деветмесечниот период од тековната година.
- Претпоставки за движење на инфлацијата.
- Примена на економските принципи на работењето како економичност, продуктивност и рентабилност

I **Вкупниот приход** да се реализира во висина од **230.403.000** денери, што е за 5% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 година, кои се 1% зголемени во споредба со оствареното во 2013 година.

Формирањето на вкупниот приход се планира да биде според следната структура:

1. Од **РЕ "Водоводни објекти и инсталации"** да се реализираат средства во висина од **202,203,000** ден. или за 7% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 година, со учество од 99,41 % во вкупно фактурираната реализација, од тоа:

**а)** Од **реализација на вода** се очекува реализирање на **188,188,000** ден. што е за 2% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 година.

Предвидената реализација треба да се оствари под слените услови:

- Да се реализираат **6.280.000 м³** вода, според следната структура:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Домаќинства | **4.550.000** | м³ | или | **72%** |
| 2. Правни лица | **1.730.000** | м³ | или | **28%** |

Истата е формирана по цени согласно Решението за давање на согласност на Одлуката од управниот одбор на ЈКП Водовод Битола бр. 02-693/2 од 17.08.2010 со примена од 01.09.2010 и тоа:

| | цена |
|---|---|
| 1. За домаќинствата | 24.25 ден/м³ |
| 2. За правни лица | 45.00 ден/м³ |

**б)** Одделот "**Одржување на градската мрежа и приклучоци**" се очекува да се реализираат 12,000,000 денари што е за 263% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 година.

Оваа реализација треба да биде реализирана преку:
- Изградба и реконструкција на водоводни линии согласно планот и програмата за работа на Општина Битола
- трети лица и
- приклучоци.

**2. Од РЕ "Заеднички служби"** треба да се реализираат 1,200,000 денари што е зголемено за 18% во однос на предвиденото за 2014 година.

**Вкупно фактурирана реализација** се планира да изнесува **203,403,000** денари што е за 7% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 година.

Според **планот за 2015** година се предвидува зголемување на предвидените приходи од реализација на вода во 2014 година од 2% или за 3.407.000 денари повеќе во однос на 2014 година.

Планираната нето добивка ќе се реализира со 49% во споредба со 2013 година.

**3. Приходите од извршени услуги од поврзани субјекти**, односно реализација на електроенергија од ХЕП Водовод се планира да изнесува 10,000,000 денари.

**4. Приходите од сопствено учество** се предвидува да изнесуваат 1,000,000 денари.

**5. Останатите деловни приходи** се предвидува да изнесуваат 16,000,000 денари кои се за 7% зголемени во споредба со предвидувањата за 2014 година.

**II Вкупните расходи** според планот треба да изнесуваат **228,761,000** ден. или 7% помалку во однос на предвидувањата за 2014 година. Според структурата се очекува следното движење на трошоците:

а) **Материјалните трошоци** со амортизацијата се предвидува да изнесуваат 87.608.000 ден. што е за 11% повеќе во однос на предвидувањата за 2014 год. со учество од 38% во вкупно деловните расходи, според следната структура:

- Материјалните трошоци да изнесуваат 57.608.500 денари

Амортизацијата да изнесува 30,000,000 или 20% повеќе од предвидувањата за 2014 година.

Вака планираниот пораст на материјалните трошоци е на нивото на планираната инфлација, со оглед на тоа да порастот на цените на енергентите и материјалите од црната металургија и хемиската индустрија, вообичаено се повисоки од зацртаната инфлација.

б) **Нематеријалните трошоци** да изнесуваат 43.153.000 ден. што се за 39% намалени во однос на предвидувањата за 2014 година.

- Бруто платите да изнесуваат 98,000,000 ден. или за 3% повеке во однос на предвидувањата за 2014 год.
- Нето масата се предвидува да изнесува 64.700.000 денари.

**III Планираната бруто добивка** се очекува да изнесува **1,642,000** денари

**IV Данокот на добивка** да изнесува **1,500,000** денари

**V Нето добивката** да изнесува **142,000** денари

# П Л А Н

### На фактурираната реализација по работни единици

000 ден.

| ред.бр | **Работна единица** | остварено 2013 | 01-09 2014 | предвидено 2014 | ПЛАН 2015 | Инд. 6/3 | Инд. 7/6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | **РЕ,,Водоводни објекти и инсталации,,** | **188,182** | **142,264** | **189,842** | **202,203** | **101%** | **107%** |
| * | Реализација од вода | 184,914 | 138,586 | 184,781 | 188,188 | 100% | 102% |
| * | Оддел ,,Одржување,, | 1,758 | 2,479 | 3,305 | 12,000 | 188% | 363% |
| * | Оддел ,,Водомерна,, | 1,471 | 1,188 | 1,743 | 2,000 | 118% | 115% |
| * | Оддел ,,Возен парк | 39 | 11 | 13 | 15 | 33% | 115% |
| 2 | **РЕ Заеднички служби** | 1,180 | 878 | 1,014 | 1,200 | 86% | 118% |
| 3 | **Вкупно 1+2** | **189,362** | **143,142** | **190,856** | **203,403** | **101%** | **107%** |

Од горе прикажаниот приказ на планираната фактурирана реализација може да се согледа:

- најголемо учество од **99,41 %** е од
**1.РЕ** “ **Водоводни објекти и инсталации**”.

Според структурата на фактурираната реализација по работни единици може да се забележи следното :

- **Реализацијата од вода** учествува со **92,52%** во вкупно фактурираната реализација.

- **Одделот “Одржување на градска мрежа и приклучоци “** со **5,89%**.
- **Одделот “Водомерна работилница”** со **0,98%**
- **Одделот ”Возен парк”  со 0,0074 %.**

**2. РЕ** “ **Заеднички слижби** “ со **0,608%.**

# П Л А Н

## На физичкиот обем на реализација од вода за 2015 година

Во М3

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | ОСТВАРЕНО 2013 | 07-09 2014 | ПРЕДВИ. 2014 | ПЛАН 2015 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Домаќинства | 4,530,071 | 3,395,576 | 4,600,000 | 4,550,000 | 101% | 100% |
| 2 | Правни лица | 1,711,865 | 1,264,531 | 1,600,000 | 1,730,000 | 93% | 101% |
| | **Вкупно** | **6,241,936** | **4,660,107** | **6,200,000** | **6,280,000** | **99%** | **101%** |

***Графички приказ на физичкиот обем на реализација од вода во м3 за 2014 година***




***Табела 1***

Од прикажаниот преглед за физичкиот обем на реализацијата на вода, можи да се согледа дека најголемо учество во истиот, има реализацијата од домаќинствата со **72%,** додека правните лица учествуваат со **28%.**

# П Л А Н

## На реализација на вода во финасови показатели за 2015 година

**во 000**

| **Категорија на потрошувачи** | ОСТВАРЕНО 2013 | 01-09 2014 | ПРЕДВИ. 2014 | ПЛАН 2015 | Инд. 4/3 | Инд. 5/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Домаќинства | 109,353 | 82,982 | 112,700 | 110,338 | 102% | 98% |
| Правни лица | 75,560 | 55,604 | 72,080 | 77,850 | 95% | 108% |
| **Вкупно** | **184,913** | **138,586** | **184,780** | **188,188** | 101% | 102% |

***Графички приказ на реализација на планот за вода во финасови показатели за 2015 година***




***Табела 2***

| ред.бр | **Категорија на потрошувачи** | м3 | Учество во % | цена | износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Домаќинства | 4,550,000 | 58 | 24,25 | 110,338,000 |
| 2 | Правни лица | 1,730,000 | 42 | 45,00 | 77,850,000 |
| | **Вкупно** | **6,280,000** | 100 | | **188,188,000** |

Во финасови показатели, фактурираната реализација се очекува да биди според следната структура:

Домаќинства **58%**
Правни лица **42%**

# П Л А Н
## на деловните расходи за 2015

| ВИД ТРОШОК | | ОСТВАРЕНО | | | | Инд. | Инд. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Конто<br>1 | Назив<br>2 | 2013<br>3 | 01-09 2014<br>4 | ПРЕД. 2014<br>5 | ПЛАН 2015<br>6 | %<br>5/3 | %<br>6/5 |
| 400 | ПОТРОШЕН МАТЕРЈАЛ | 21,822,931 | 17,360,517 | 23,047,356 | 23,000,000 | 106% | 100% |
| 401 | ПОТРОШЕНО ПОМОШ. КАНЦ. МАТЕРИЈАЛИ | 2,468,357 | 1,481,001 | 1,874,668 | 1,900,000 | 76% | 101% |
| 402 | ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 16,924,146 | 9,204,163 | 12,172,218 | 14,800,000 | 72% | 122% |
| 407 | ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР, АМБАЛАЖА И АВТОГУМИ | 466,181 | 3,712,996 | 4,950,661 | 6,000,000 | 1062% | 121% |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 3,671 | 6,300 | 8,400 | 8,500 | 229% | 101% |
| 411 | ПТТ УСЛУГИ,ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТРНЕТ | 1,435,703 | 918,077 | 1,224,103 | 1,300,000 | 85% | 106% |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 4,970,548 | 5,393,485 | 7,091,313 | 7,100,000 | 143% | 100% |
| 414 | ЗАКУПНИНА | 940,143 | 705,668 | 940,891 | 950,000 | 100% | 101% |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 949,220 | 421,513 | 562,017 | 600,000 | 59% | 107% |
| 417 | ТРОШОЦИ ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА | 787,200 | 709,170 | 945,560 | 850,000 | 120% | 90% |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 1,233,329 | 848,838 | 1,131,784 | 1,100,000 | 92% | 97% |
| 422 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 6,723,403 | 3,207,277 | 6,416,933 | 6,600,000 | 95% | 103% |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 316,612 | 203,000 | 270,667 | 300,000 | 85% | 111% |
| 441 | НАДОМЕСТ НА ВРАБОТ. (СОВЕТУВАЊА, ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ) | 243,946 | 375,154 | 450,205 | 450,000 | 185% | 100% |
| 442 | ТРОШ. ЗА НАДОМЕСТ НА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 673,888 | 504,280 | 672,373 | 673,000 | 100% | 100% |
| 443 | СПОНЗОРСТВА И ДОНАЦИИ | 2,034,748 | 1,745,590 | 2,327,453 | 2,300,000 | 114% | 99% |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 753,020 | 514,365 | 685,820 | 750,000 | 91% | 109% |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 7,450,011 | 4,569,569 | 6,092,759 | 7,000,000 | 82% | 115% |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 866,567 | 233,014 | 350,685 | 350,000 | 40% | 100% |
| 447 | ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ,ЧЛЕНАРИНИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,213,123 | 597,287 | 796,383 | 800,000 | 66% | 100% |
| 449 | ОСТАНАТИ НЕМАТЕРЈАЛНИ ТРОШОЦИ. | 1,724,149 | 1,634,904 | 2,179,872 | 2,100,000 | 126% | 96% |
| 455 | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРАУВАЊА | 11,647,423 | 0 | 10,000,000 | 10,000,000 | 86% | 100% |
| 456 | ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ОД РЕДОВНА АКТИВНОСТ | 11,937 | 9,681 | 12,908 | 10,000 | 108% | 77% |
| 460 | ЗАГУБИ ОД РАСХОДУВАЊЕ И ПРО. | 142,630 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| 464 | КУСОЦИ КАЛО, РАСТУ. И КРШЕЊЕ | 1,010 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| 468 | КАЗНИ, ПЕНАЛИ И ШТЕТИ | 0 | 121,125 | 130,500 | 20,000 | 0% | 15% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 7,973,653 | 35,292,071 | 36,163,803 | 9,800,000 | 454% | 27% |
| 474 | РАСХОДИ ОД КАМАТИ | 2,817,621 | 3,296,852 | 4,388,426 | 2,000,000 | 156% | 46% |
| | **ВКУПНО материјални трошоци** | **52,001,429** | **40,761,729** | **53,948,971** | **57,608,500** | 104% | 107% |
| | **ВКУПНО нематеријални трошоци** | **44,593,741** | **52,304,169** | **70,938,786** | **43,153,000** | 159% | 61% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци** | **96,595,170** | **93,065,897** | **124,887,757** | **100,761,500** | 129% | 81% |
| 430 | ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА | 23,118,124 | 17,338,932 | 25,000,000 | 30,000,000 | 108% | 120% |
| | **ВКУПНО материјални и нематеријални трошоци со амортизација** | **119,713,294** | **110,404,829** | **149,887,757** | **130,761,500** | 125% | 87% |
| 420 | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА | 95,488,428 | 70,785,029 | 95,500,039 | 98,000,000 | 100% | 103% |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **215,201,722** | **181,189,858** | **245,387,796** | **228,761,500** | 114% | 93% |

Според Планот за 2015 година **вкупните расходи** се предвидени во износ од **228,761,500.00** денари што е за 6% повеќе од предвидувањето, кои се за 14% зголемени во споредба со оствареното во 2013 година,

Структурата на планираните вкупни трошоци се одвива според следниот редослед;

- Вкупните **материјални трошоци** се зголемени за 7% во споредба со предвидените средства за 2014 година.

- Вкупните **нематеријални трошоци** се помали за 39% во споредба со предвиденото за 2014 година.

- Пресметаната **амортизација** е за 20% зголемена во споредба со предвиденото за 2014 година.

- **Платата** и надоместоциете од плата се планира да биде поголема за 3% во споредба со предвиденото за 2014 година.

# П Л А Н

## На распределба на вкупниот приход за 2015

000 денари

| ред.бр | ЕЛЕМЕНТИ | Остварено 2013 | 01-09 2014 | предви. 2014 | ПЛАН 2015 | Инд. 5/3 | Инд. 6/5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | **Вкупен приход** | **217,134** | **164,339** | **219,356** | **230,403** | 101% | 105% |
| | Приходи од продажба на производи и услуги | 189,362 | 143,142 | 190,856 | 203,403 | 101% | 107% |
| | Приходи од извршени услуги од поврзани субјекти | 9,955 | 7,465 | 10,000 | 10,000 | 100% | 100% |
| | Приходи од сопствено учество | 2,653 | 1,536 | 3,500 | 1,000 | 132% | 29% |
| | Останати деловни приходи | 15,164 | 12,196 | 15,000 | 16,000 | 99% | 107% |
| 2 | **Вкупни расходи** | **215,202** | **181,190** | **245,388** | **228,761** | 114% | 93% |
| | Материјални трошоци со амортизација | 75,120 | 58,101 | 78,949 | 87,608 | 105% | 111% |
| | Нематеријални трошоци | 44,593 | 52,304 | 70,939 | 43,153 | 159% | 61% |
| | Бруто плати | 95,489 | 70,785 | 95,500 | 98,000 | 100% | 103% |
| 3 | **Вкупно добивка** | **1,932** | **-16,851** | **-26,032** | **1,642** | / | / |
| 4 | **Пресметан данок и прид.** | **1,642** | **0** | **0** | **1,500** | / | / |
| 5 | **Нето добивка** | **290** | **-16,851** | **-26,032** | **142** | / | / |

# П Л А Н
за инвестициона активност во 2015 година

**1. Реконструкција на застарената и дотраена дистрибутивна водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии**

Тековно инвестиционо одржување на дотраената водоводна мрежа и реконструкција на водоводни објекти и линии во согласност со планираниот план и програма на Општина Битола.

**2. Осовременување на филтерската станица Дихово**

За осовременување и доопремување на хемиската и микробиолошката лабораторија во Филтерската станица Дихово се со цел за добивање брзи и валидни резултати во процесот на преработка на водата за пиење ќе се набават апаратутри и инструменти за пратење на квалитетот на водата и тоа:
1. Автоклав со поголем капацитет заради зголемен обем на работа во микробиолошката лабораторија.
2.Термостат за микробиолошка лабораторија.

**4. Санација на зафати**

Според планот за работа во текот на годината предвидено е инвестиционо одржување на зафатите на Лак Поток, Црвена Река и Сапунчица.

Изготвувач :
Служба за план и анализа

JKП “ ВОДОВОД “- БИТОЛА